Република Македонија

СУДСКИ СОВЕТ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ул. "Македонија" бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. 01-451/2
13-03-2018 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016), а во врска со член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/2018), Претседателот на Судскиот совет на Република Македонија, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Судскиот совет на Република Македонија

Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Судскиот совет на Република Македонија бр.01-1156/2 од 01.07.2016 година и бр.01-1592/1 од 24.11.2017 година и тоа:

Во глава II во членовите 7, 8, 9 и 10 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа – познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), се бришат деловите:

- За нивоата Б1 и Б2 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат, ТестДаФ

- За нивоата Б3 и Б4 преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б1 (В1) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 3,5 - 4,5 поени, ПЕТ, БЕК П, БУЛАТС, или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 450 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 135 бода, или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 45 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат
- За сите ниво на категорија – В преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А2 (А2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно КЕТ, ИЕЛТ со 3 поени, БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 400 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 95 бода, или ТОЕФЕЛ ИНТ најмалку 30 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат
- За сите ниво на категорија – Г преку поседување на меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на А1 (А1) нивото на ЦЕФР (CEFR) односно БУЛАТС или ТОЕФЕЛ ПБР најмалку 310 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 35 бода или ТОЕФЕЛ ИНТ најмалку 10 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат.

Член 2

Во глава II во членовите 7, 8, 9 и 10 во делот на посебните работни компетенции за сите нивоа, се додава следниот текст:

-Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и положен административен испит за административно управување (кај сите нивоа од категоријата – Б).

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Зоран Караџовски**